**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски на денот за високи гости на вежбата „БЛЕСОК 26“**
**АП „Криволак“ • 27 април 2026 година**

Почитувана претседателке Сиљановска – Давкова,
Почитуван началник на Генералштабот, генерал – мајор Лафчиски,
Почитуван претставник од JFC Naples,
Почитувани пријатели, почитувани генерали,
Почитувани мои колеги,
Почитувани градоначалници,
Почитувани пратеници,
Драги гости ви благодарам што дојдовте,

Се разбира благодарност огромна и со еден огромен аплауз да ги поздравиме овие прекрасни луѓе и сите што учествуваа овие денови. Секоја чест! Гордост е да се биде министер на ваква Армија! Началник, генерали секоја чест! Навистина сте гордост на државата!

Денеска, тука на армискиот полигон „Криволак“, нашиот најголем полигон за обука и еден од капацитетите по кои сме препознаени во Алијансата, сите ние бевме сведоци не само на демонстрација на способности, туку и на дисциплина, прецизност и вистински професионализам. Бевме сведоци на она што ние како раководство постојано го говориме – а, тоа е фактот дека нашите македонски војници работат согласно највисоките НАТО стандарди, покажувајќи дека нивната извонредност не е цел која треба да ја достигнеме, туку тоа е реалност.

Процесот на НАТО оценувањето кој траеше во месец април докажа една голема вистина – а, тоа е дека припадниците на Лесната пешадиска баталјонска група и сите останати единици кои служеа како поддршка во рамки на оценувањето се „способни за реализацијата на мисијата“, односно борбено способни. Оценка која во ниту еден момент немав сомнеж дека нема да ја добијат.

Од оваа говорница упатувам честитки до секој еден македонски војник и до сите останати инволвирани за најголемиот успех досега постигнат.

Мојата проценка од самиот почеток се базираше на два клучни аспекта.

Првиот е професионализмот на македонските војници во кој цврсто верувам. Евидентна е нивната мотивација и посветеност да бидат најдобри, да бидат гарант на безбедноста на татковината, нивната подготвеност и способност која ја покажуваат дома и во рамки на Алијансата.

Вториот е процесот на модернизација кој ни овозможи и на оваа вежба да ги видиме новите зајакнати капацитети на Армијата. Инвестираме многу – во ново лично вооружување, во нови и напредни капацитети, во силна сајбер одбрана, во нови оклопни возила, инженериски машини, беспилотни летала итн. За сето ова имаме план кој доследно го следиме и имаме силна поддршка и од претседателката, и од Владата за што сум им неизмерно благодарен. Нивната поддршка ни овозможи да имаме стабилен раст на одбранбениот буџет и сериозни инвестиции во нова и софистицирана опрема кои достигнуваат 32,5 проценти од буџетот на министерството.

Да упатам честитки до сите армиски припадници вклучени во организацијата и реализацијата на оваа вежба. Навистина комплексна задача имајќи предвид дека над 1.500 армиски припадници

работеа на фиктивно сценарио со 25 настани и над 100 инциденти. Вашата посветеност беше видлива и денеска и при реализацијата на вежбата која завршува со целосен успех.

Потврдата за ова, за овој најголем успех доаѓа токму од тимот на мониторингот на НАТО кој го овери финалниот извештај од оценувањето, реализирано согласно 799 критериуми, по највисоките НАТО стандарди.

Почитувани присутни,

македонската Армија прави историски чекор напред во поглед на своите капацитети. Оперираме со нова, софистицирана опрема како и секоја друга НАТО – армија. Нашите припадници се на исто ниво со останатите од Алијансата. Имаме целосна интероперативност, која ни овозможува заеднички да го одбраниме она што ние нам најсвето, а тоа е слободата, татковината, демократијата. Да ги одбраниме нашите вредности кои се вкоренети во македонското општество.

Во време на сериозни геополитички промени и време на нестабилност, да се има Армија која е способна да биде гарант на безбедноста на државата и, истовремено способна да делува како едно со армиите на сојузничките земји е чест и задоволство!

Од оваа говорница ќе упатам уште една порака, а тоа е дека не застануваме тука. Продолжуваме со силните инвестиции во Армијата, затоа што безбедноста за нас е пред сѐ. Таа е темелот на општествениот и економски развој. Продолжуваме со набавките на нова опрема, продолжуваме со обуките и вежбите и продолжуваме со грижата за секој армиски припадник зашто нивната мотивираност и посветеност се клучните состојки за силна Армија.

Ви благодарам на сите!